РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-214/3-2
13.07 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 217 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 82/18) и член 128 став 1 и член 134 став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016), врз основа на точка 10 член 97 од Статутот на Бизнис академија Смилевски – БАС, како и врз основа на член 20 и член 23 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Бизнис академијата Смилевски – БАС (пречистен текст декември 2014 година), на вонредната 135 - та седница на Наставничкиот совет на БАС, одржана на 13.07.2018 година, Наставничкиот совет ја донесе следнава

# ОДЛУКА

За избор на наставник во насловно звање

**Член 1**

Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, **м-р Дијана Ивановска Пржо,** од Битола, да се избере во насловно звање **виш предавач** за наставната област Економија и Маркетинг.

**Член 2**

Изборот во звање е за период од 4 (четири) години.

**Член 3**

Одлуката влегува на сила од 11.09.2018 година.

***Образложение***

Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје распиша Конкурс за ре-избор на наставник во насловно звање во дополнителен работен однос за наставната област Економија и маркетинг, кој го објави во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 05.03.2018 година.

На Конкурсот се пријави кандидатот м-р Дијана Ивановска Пржо.

Наставничкиот совет на Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје на својата вонредна 131 седница одржана на 17.04.2018 година формираше рецензиона комисија за изготвување на реферат и оценка за ре-избор на наставник во насловно звање со дополнителен работен однос за наставната област Економија и маркетинг, со одлука бр. 0205-164/5-1, во состав: проф. д-р Коста Сотироски, проф. д-р Емилија Стевановска и доц. д-р Маја Кочоска.

Рецензионата комисија изготви Реферат за ре-избор на наставник во насловно звање во дополнителен работен однос, наставната област Економија и Маркетинг, кој беше објавен на интернет страницата на Академијата на ден 26.06.2018 година, бр. 0401-94/5 од 26.06.2018 година.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Наставничкиот совет на БАС, м-р Дијана Ивановска Пржо да ја ре-избере во дополнителен работен однос во насловно звање виш предавач за наставната област Економија и маркетинг.

Врз основа на тоа, Наставничкиот совет на вонредната 135 седница одржана на 13.07.2018 година со мнозинство гласови ја донесе оваа одлука.

**Директор на БАС**

Република Македонија Приватна самостојна високообразовна установа Висока стручна школа Бизнис академија Смилевски БАС Скопје

**Виш пред. д-р Даниела Карадаков**

Одлуката да се достави до:

- Кандидатот;
- Досието на кандидатот;
- Архивата на БАС